Смрт на фашизмот — Слобода на народот!

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 4

Скопје, среда 1 март 1950 год.

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса: „Службен весник на НР Македонија" Пошт. фах 51. Скопје. Ракописите не се враќаат. Телефон на редакцијата и администрација 696.

Овој број чини 6 динари. Претплата за една година изнесува 250 дин., за едно полугодие 125 дин. Чековна сметка при народна банка на ФНРЈ. Централа за НРМ — Скопје 8.901.81?

**20**

### ОДЛУКА

### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ УРЕДБИТЕ НА ВЛАДАТА НА НРМ ДОНЕСЕНИ ОД 26 ОКТОВРИ 1949 ГОДИНА ДО 30 ЈАНУАРИ 1950 ГОДИНА

Народното собрание на Народна Република Македонија на својата III-та седница од V-то вонредно заседание одржано на 31 јануари 1950 год. донесе одлука која гласи:

Се потврдуваат следните уредби на Владата на НРМ донесени од 26 октоври 1949 година до 30 јануари 1950 година врз основа на чл. 1 од Законот за овластување Владата на Народна Република Македонија за донесување уредби по прашањата од народното стопанство и обновата на земјата и това:

1. Уредбата за димничарската служба, од 5 јануари 1950 година.

2. Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за укинување Трговско—индустриската комора во град Скопје, од 5 јануари 1950 година.

Скопје 31 јануари 1950 година

Претседател
Д.р Димитар Несторов с.р.

Секретар,
Кемал Сејфула с.р.

**21**

Врз основа на чл. 73 т. 9 од Уставот на Народна Република Македонија, а по предлог од Претседателот на Владата на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија донесе

### УКАЗ

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УКАЗОТ ЗА ОСНИВАЊЕ МИНИСТЕРСТВО ЗА НАУКА И КУЛТУРА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Точка 2 од Указот за оснивање Министерство за наука и култура на Народна Република Македонија У. бр. 15 од 13 октоври 1949 година („Службен весник на НРМ" бр. 24 од 14 ноември 1949 година) се изменува и гласи:

„2. Министерството за наука и култура к'е ги превземе сите работи од Комитетот за универзитет, високи школи и научни установи на Владата на НРМ, како и работите на културата и ... носта од Министерството за просвета."

2. Работите на киноматографската и радиодифузната служба к'е ги вршат органите што биле надлежни за тие служби до влегувањето во сила на Указот У. бр. 15 од 13—X— 1949 год.

3. Овој Указ влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

У. Бр. 2

Скопје, 30 јануари 1950 година

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Ристо Џунов. с.р

Претседател Богоја Фотев с.р

**22**

Врз основа на чл. 73 точка 9 од Уставот на НРМ, а по предлог од Претседателот на Владата на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија донесува

### УКАЗ

### ЗА ПРОМЕНА НА НАЗИВОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛЕН СООБРАКАЈ

1. Називот на Министерството за локален сообракај се променува во Министерство за сообрак'ај.

2. Министерството за сообрак'ај е сојузнорепубликанско министерство.

3. Владата на НРМ к'е го изврши овој Указ.

4. Овој Указ влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

У. Бр 3

Скопје, 30 јануари 1950 година.

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Ристо Џунов, с.р

Претседател, Богоја Фотев с.р

**23**

Врз основа на член 73 точка 9 од Уставот на Народна Република Македонија, а по предлог од Претседателот на Владата на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија донесе

## УКАЗ

### ЗА ОСНИВАЊЕ МИНИСТЕРСТВА НА ВЛАДАТА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1) Се оснива Министерство на електростопанството на НРМ,

2) Се оснива Министерство на државните земјоделски стопанства на НРМ.

3) Владата на НРМ поблиску к'е ги одреди работите на Министерството на електростопанството и на Министерството на државните земјоделски стопанства.

4) Спроведувањето на овој Указ се става во надлежност на Владата на НРМ.

У. Бр. 9

Скопје, 8 февруари 1950 година.

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Претседател,
Ристо Џунов. с.р. Богоја Фотев, с.р

## 24

Врз основа на чл. 73 т. 7 од Уставот на Народна Република Македонија, а по предлог од Претседателот на Владата на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија издава

### УКАЗ

1. — Поради заминување на нова должност се разрешува од досегашната му должност Претседател на Планската комисија на НРМ СТРАХИЛ ГИГОВ.

2. — За Претседател на Планската комисија се именува НИКОЛА МИНЧЕВ, потпретседател на Владата на НРМ.

Владата на НРМ к'е го изврши овој указ.

У. Бр. 10

Скопје, 8 февруари 1950 година.

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Претседател
Ристо Џунов. с.р Богоја Фотев с.р

## 25

Врз основа на чл. 73 т. 7 од Уставот на Народна Република Македонија, а во врска со Указот на Президиумот на Народното собрание на НРМ од 8 февруари 1950 година за образување Министерство на државните земјоделски стопанства и Министерство за електростопанство, по предлог од Претседателот на Владата на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија издава

### УКАЗ

### ЗА ПОСТАВУВАЊЕ МИНИСТРИ НА ВЛАДАТА НА НРМ

Се поставуваат:

за Министер на државните земјоделски стопанства МИТО БРЗИЛОВ, кандидат за член на ЦК КПМ.

за Министер на електростопанството АСПАРУХ КАНЕВЧЕ.

Владата на НРМ к'е го изврши овој Указ.

У. Бр 11

Скопје, 8 февруари 1950 година.

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Претседател,
Ристо Џунов. с.р Богоја Фотев, с.р

## 26

### УКАЗ

Врз основа на чл. 73 т. 4 од Уставот на НРМ а во врска со чл. 5 т. 7 од Законот за Президиумот на Народното собрание на НРМ, Претседателството на Президиумот на Народното собрание на НРМ го прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за административно — територијалната поделба на Народна Република Македонија што го донесе Народното собрание на НРМ на седницата од 31 јануари 1950 година, а кој што гласи:

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНО—ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПОДЕЛБА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Член 2 од Законот за административно — територијалната поделба на Народна Република Македонија од 3 јануари 1947 година, изменет и дополнет со законот од 26 октомври 1949 година, се изменува и гласи:

„Областите на кои што е поделена територијата на Народна Република Македонија се: Битолска област, Гостиварска област, Кумановска област и Штипска област."

Член 2

Член 9 се изменува и гласи:

„Во составот на народните одбори на соединети, одделени, односно новообразувани административно — територијални единици (области, околии, градови и места), до спроведувањето на избори за така образувани народни одбори, влегуваат одборниците што се избрани на територијата на новообразуваните административно — територијални единици.

Владата донесува решенија за сите работи и односи што настануваат со укинувањето, соединувањето, одделувањето, односно образувањето на нови области, околии и градови и нивни народни одбори, а особено: за датата на престанокот со работа, односно за почнување со работа; за буџетски кредити; за установите и претпријатијата на народните одбори на споменатите административно — територијални единици; за расподелба на нивните инвентари, имоти и обврски; за начинот на нивното формирање, односно расформирање и др."

Член 3

Член 10 се изменува и гласи:

„Се овластува Владата да донесува поблиски

прописи за извршување на овој закон, а Комитетот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на НРМ се овластува да издава напатствија за неговото спроведување, како и решенија за работите и односите од ставот 2 на предходниот член во однос на месните народни одбори и на народните одбори на градовите во составот на околијата."

Член 4

Овој Закон влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија."

У. Бр. 7

Скопје, 2 февруари 1950 година

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО
НА ПРЕЗИДИУМОТ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Ристо Џунов, с.р
Претседател Богоја Фотев с.р

**2**

### УКАЗ

Врз основа на чл. 73 т. 4 од Уставот на НРМ а во врска со чл. 5 т. и чл. 7 од Законот за Президиумот на Народното собрание на НРМ, Претседателството на Президиумот на Народното собрание на НРМ го прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за поделба на територијата на Народна Република Македонија на области што го донесе Народното собрание на НРМ на седницата од 31 јануари 1950 година, а кој што гласи:

### ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОДЕЛБА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБЛАСТИ

Законот за поделба на територијата на Народна Република Македонија на области од 18 април 1949 година се изменува и дополнува, така што неговиот изменет и пречистен текст гласи:

### ЗАКОН

### ЗА ПОДЕЛБА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБЛАСТИ

Член 1

Територијата на Народна Република Македонија се дели на овие области:

Битолска област со седиште на Народниот одбор на областа во Битола,

Гостиварска област со седиште на Народниот одбор на областа во Гостивар,

Кумановска област со седиште на Народниот одбор на областа во Куманово, и

Штипска област со седиште на Народниот одбор на областа во Штип.

Градот Скопје како главен град на Народна Република Македонија е издвоен од Кумановска област и чини одделно административно — територијално подрачје.

Член 2

Битолска област ги опфака следните подрачја:

1) околините: Битолска, Демирхисарска, Крушевска, Охридска, Прилепска, Ресенска и Струшка, и

2) градовите: Битола, Охрид и Прилеп.

Член 3

Гостиварска област ги опфаќа следните подрачја:

1) околиите: Бродска, Гостиварска, Дебарска, Кичевска, и Тетовска, и

2) градот Тетово.

Член 4

Кумановска област ги опфаќа следните подрачја:

1) околиите: Ѓорчепетровска, Кратовска, Кривопаланечка, Кумановска и Скопска, и

2) градот Куманово.

Член 5

Штипска област ги опфаќа следните подрачја:

1) околиите: Беровска, Гевгелиска, Кавадарска, Кочанска, Радовишка, Светониколска, Струмичка, Титоввелешка, Царевоселска, и Штипска, и

2) градовите: Струмица, Титов Велес и Штип.

Член 6

Овој Закон влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

У. Бр. 8

Скопје, 2 февруари 1950 година,

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО
НА ПРЕЗИДИУМОТ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Ристо Џунов, с.р
Претседател, Богоја Фотев, с.р

**23**

Врз основа на чл. 1 од Законот за овластување на Владата на Народна Република Македонија за донесување уредби по прашањата од народното стопанство и обновата на земјата по предлог од Министерот за комунални работи, — Владата на Народна Република Македонија донесува

## УРЕДБА

### ЗА ДИМНИЧАРСКАТА СЛУЖБА

Член 1

Димничарската служба има за задача да, со цел за заштита на имотите од пожар, врши чистење на димњаците и други ложишни уреѓаи, како и со контрола да обезбеди димњаците и другите ложишни уреѓаи да одговараат на поставените прописи.

Член 2

Димњаците, димоводните цевки (цилиндри), казаните, димњаците со канали за парно, водено и воздушно централно и етажно греење, димњаците на индустриските и занаетчиските простории, нивните ложишта и на тоа слично, подлежат на задолжително чистење.

Роковите на задолжителното чистење ќе се одредат со посебни прописи.

Член 3

Димњаците и другите ложишни уреѓаи што се изградуваат мораат да бидат пред употребата стручно прегледани од лицата што вршат димничарска служба.

Лице кое што бара дозвола за употреба на градба (чл. 29 од Основната уредба за градење) должно е со молбата да поднесе уверење од поверенството за комунални работи на околискиот односно градскиот (реонскиот) народен одбор, со кое што се утврдува, дека димњаците и другите ложишни уреѓаи одговараат на постоеќите прописи.

Член 4

Димничарската служба ја вршат државни димничарски претпријатија.

Димничарската служба можат да ја вршат и димничарски задруги.

Димничарските задруги мораат да имаат за вршење на димничарската служба дозвола од извршниот одбор на околискиот односно градскиот (реонскиот) народен одбор.

шионите сечишта и во оплодни сечишта добитокот воопшто не смее да се пушта и во нив е забрањена пашата.

Член 2

Пасењето и жирењето може да се допушти само во онија шуми или делови од шуми во кои што добитокот нема да биде од штета за подмладокот и за одгледувањето на шумата.

Член 3

Шикарите во кои што ќе се врши ресурекција со пополнување, ќе се стават претходно под забрана од попаша од една до три години да би се подобриле станишните услови за садење и за сетва на шумските семиња.

Член 4

Сите онија шикари кои што се во подобро состојание и имаат услови да се обноват без ресурекциона сеча, ќе се стават под забрана од попаша на секаков добиток и на кастрење за период од десет години.

Исто така ќе се стават под забрана од попаша на секаков добиток за период од десет години и онија шикари во кои што е извршена ресурекциона сеча.

Член 5

Да се стават под забрана од попаша на секаков добиток засадените и посејаните шумски земјишта (шумските култури) за период од десет години.

Член 6

Околиските и градските народни одбори се должни во времето од 15.III.1950 година до 15.IV.1950 година, да извршат попис на сите површини од чл. 1 на овој Правилник.

Препис од пописните акти на објектите околиските и градските народни одбори се должни да ги достават на надлежниот областен народен одбор и на Министерството на шумарство најкасно до 15.VI.1050 година.

Член 7

Решенија за забрана од попаша на соответните објекти наведени во чл. 1 од овој Правилник должни се да донесат и това:

1. За шумите под управа на месните народни одбори и нивните претпријатија и установи, решенија ќе донесуваат околиските народни одбори по предлог од месните народни одбори;

2. За шумите под управа на околиските односно градските народни одбори и нивните претпријатија и установи, решенија ќе донесуваат надлежните околиски односно градски народни одбори;

3) За шумите под управа на обласните народни одбори и нивните претпријатија и установи, решенија ќе донесуваат надлежните обласни народни одбори;

4) За шумите под управа на Министерството за шумарство и неговите претпријатија и установи, решенија ќе донесува Министерот за шумарство.

Член 8

Решенијата за забрана од попаша мора да содржат точно одредени граници на објектот и времето на забрана од попаша.

Решенијата ќе се објавуваат на убичаен начин на населението.

Решенијата за забрана од попаша народните одбори се должни да ги доставуваат најкасно до 1.V.1950 година до својот непосредно повисок народен одбор и до Министерството за шумарство.

Член 9

Со казна поправителна работа до 30 дена или со парична казна до 1.500 динари ќе се казни секое лице кое што пушта добиток на пасење во земјишта или шуми во кои што пасењето е забранено.

За водење на административно-казнената постапка надлежен е извршниот одбор на околискиот односно градскиот (реонскиот) народен одбор по прописите на Основниот закон за прекршоци.

Член 10

Поблиски напатствија за извршување на овој Правилник ќе пропише Министерот за шумарство.

Член 11

Овој Правилник влегува во сила од денот на објавувањето му во "Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 893
3.II.1950 год.
Скопје

Министер за шумарство на НРМ,
В. Горгов, с.р.

Согласен
Претседател на Владата на Народна Република Македонија,
Л. Колишевски, с.р.

**32**

По укажаната потреба, а во рамките на Општите напатствија на Министерството за наука и култура на Владата на ФНРЈ за составување правилник за учителски дипломски испит, пропишувам

## Правилник
## ЗА УЧИТЕЛСКИ ДИПЛОМСКИ ИСПИТ

### I ЗАДАЧА НА УЧИТЕЛСКИОТ ДИПЛОМСКИ ИСПИТ

Член 1

Задача на учителскиот дипломски испит е да се утврди дали кандидатите добиле солидна општа и стручна педагошка спрема да можат со успех да се посветат на учителскиот позив.

### II ПРАВО ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ

Член 2

Учителски дипломски испит можат да полагаат:

а) кандидати што го свршиле завршниот клас на учителска школа со добар успех и по поведение имаат најмалку оценка "добар";

б) кандидати што полагале веќе учителски дипломски испит и не го положиле или воопшто не го полагале;

в) времени учители што добиле педагошки квалификации преку скратено школување на разни курсеви, а на кон ќе им биде признаено право да полагаат учителски дипломски испит.

### III ИСПИТНИ РОКОВИ

Член 3

Учителскиот дипломски испит, но правило, се полага во јуни и во септември. По исклучение, а по укажана потреба, Министерството за просвета може да определи вонреден рок.

Во јунскиот рок испитот почнува 15 дена по свршувањето на наставата во завршниот клас на учителската школа, освен ако Министерството за просвета — по укажана потреба — не определи поинаку. Во овој рок полагаат кандидатите од чл. 2 став а) на овој Правилник, кандидатите кои што во минатогодишниот јунски рок биле одбиени на една година или во минатогодишниот септемвриски рок биле одбиени на една година.

Во септемврискиот рок испитот почнува во првата половина на месец септември. Во овој рок полагаат кандидатите кои што во јунскиот рок од таа година биле упатени на поправен испит; учениците кои што во завршниот клас на учителската школа добиле поправителен испит и истиот го положиле со успех во крајот на месец август, како и учениците на кои што испитниот одбор, по причини наведени во чл. 5 од овој Правилник, им одобрил полагање наместо во јунскиот — во септемврискиот рок.

Во обата рока можат, по одобрение на Министерството за просвета, да полагаат и кандидати кои што во предодните години добиле право да полагаат учителски дипломски испит, а истиот досега воопшто не го полагале.

Кандидатите што се упатени на поправен испит

на Административната школа ќе издаде Министерот на просвета во согласност со Претседателот на Комитетот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на НРМ.

9. Ова решение влегува во сила од денот на објавувањето му во "Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 19180 31 декември 1949 год.

Министер за просвета,
Димче Стојанов-Мирче с. р.

Согласен
Претседател на Комитетот за законодавство и изградба на народната
Власт на Владата на НРМ
Никола Минчев, с. р.

**36**

Врз основа на член 2 буква з) од Уредбата за оснивањето и работата на Комитетот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на Народна Република Македонија ("Службен весник на НРМ" бр. 6/49) и на точка 2 од Општото напатствие за оснивање и работење на средните управни школи ("Службен лист на ФНРЈ" бр. 79/49), донесувам

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОСНИВАЊЕ НА СРЕДНО УПРАВНО ШКОЛО ВО СКОПЈЕ

1) Со цел да се подготват и добијат средни стручни управни кадрови се оснива Средно управно школо во Скопје.

Средното управно школо е установа на Комитетот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на НРМ и стои под негово непосредно раководство и надзор.

Средното управно школо е од интернатски тип.

2) Средното управно школо има за задача на учениците да им даде стручни теоретски и практични знанија и општо образование.

3) Школовањето во Средното управно школо трае четири години.

4) Запишувањето во Средното управно школо се врши по планот што го утврдуваат согласно Министерот на просвета и Комитетот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на НРМ.

5) Во Средното управно школо можат, по правило, да се запишат лица што завршиле нижа гимназија со поламатурски испит или на неа равно школо со завршен испит.

Во Средното управно школо можат да се примат и лица што работеле во пракса на управни и организациони работи најмалку три години, а немаат соодветни школи. Овие лица можат да се примат само по одобрение од Комитетот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на НРМ кој што може да пропише да се должни овие лица да полагаат и приемен испит.

6) Лицата што ќе го завршат Средното управно школо стекнуваат квалификации за звањата за кои што во административната струка се бара полно средно или на него равно школо; како и право да се запишат и студираат на правен факултет, според одредбите на Уредбата за вонредното студирање, со претходно полагање на приемен испит.

7) Наставниот план и програм за Средното управно школо го донесува Комитетот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на НРМ во согласност со Министерот на просветата, а во рамките на општите начела на наставниот план и програм пропишани од Комитетот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на ФНРЈ.

8) На чело на Средното управно школо стои директор кого го назначува Претседателот на Комитетот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на НРМ во согласност со Претседателот на Владата на НРМ.

Наставата ја вршат постојани и хонорарни предаватели.

Школото има преподавателски совет кого го сочинуваат директорот и преподавателите на истото.

9) Средното управно школо има посебна претсметка на приходи и расходи во составот на претсметката на приходите и расходите на Комитетот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на НРМ.

Директорот на школото е наредбодавач за извршување на претсметката.

10) Поблиски прописи за организацијата и работата на Средното управно школо донесува Комитетот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на НРМ.

11) Ова решение влегува во сила од денот на објавувањето му во "Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 258
21-I-1950 година
Скопје

Претседател
на Комитетот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на Народна Република Македонија
Н. Минчев, с.р.

**37**

Врз основа на точ. 3 од Општото напатствие за средните стручни школи од 9 септември 1949 година, IV бр. 7866 (Службен лист на ФНРЈ бр. 78 од 14-IX-1949 год.) Министерот за наука и култура на ФНРЈ, претседателот на Комитетот за фискултура на Владата на Народна Република Македонија, донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОСНИВАЊЕ НА СРЕДНО ФИСКУЛТУРНО ШКОЛО ВО ГРАД СКОПЈЕ

1. Со цел да се подготват и добијат средни стручни кадрови за фискултура се оснива Средно фискултурно школо во град Скопје, како установа на Комитетот за фискултура на Владата на Народна Република Македонија.

2. Средното фискултурно школо има степен на средно стручно школо.

3. Средното фискултурно школо е под раководство и надзор на Комитетот за фискултура на Владата на Народна Република Македонија.

Општ надзор и раководство над Средното фискултурно школо ќе врши Министерот за просвета.

4. Школувањето во школото трае 4 години. На крајот четвртата година се полага завршен — дипломски испит.

5. Во школото ќе се примаат лица кои што завршиле нижа гимназија со мала матура, или на неа рамна школа со завршен испит, а кои што не се постари од 18 години.

По исклучение во школото можат да бидат примени оние лица, што ги завршиле оние нижи стручни школи што ќе ги определи посебно Министерството за наука и култура на ФНРЈ, како и лица постари од 18 години. Одобрение за прием на лица постари од 18 години дава Комитетот за фискултура на Владата на Народна Република Македонија.

6. Средното фискултурно школо има посебна претсметка на приходите и расходите во составот на претсметката на приходите и расходите на Комитетот за фискултура на Владата на Народна Република Македонија.

Наредбодател за извршување на претсметката на приходите и расходите е директорот на школото.

7. Лицата што ќе го завршат школото добиваат ква-

финации за званијата за кои што се бара во соодветната струка полна средна стручна школа, како и право да се запишат и студираат на Државниот институт за фискултура во Белград, спрема одредбите на Уредбата за вонредно студирање.

8. Наставниот план и програм на Средното фискултурно школо ќе ги донесе Комитетот за фискултура на Владата на Народна Република Македонија во согласност со Министерството за просвета а во рамките на општите начела на наставните планови и програми пропишани од Министерството за наука и култура на Федеративна Народна Република Југославија.

9. Поблиски одредби за организацијата и работењето на школото, како и за условите за примање на кандидати, врз основа на ова Решение ќе донесе претседателот на Комитетот за фискултура на Народна Република Македонија.

10. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 153 од 16-I-1950 година.

Претседател
на Комитетот за фискултура
на Владата на НРМ,
Борко Темелковски, с. р.

## 38

Со цел за изградба на стручни работнички кадрови во земјоделието, а во врска со чл. 3 и 4 од Уредбата за изградба на стручни работнички кадрови и за управите за работнички кадрови („Службен лист на ФНРЈ бр. 79/48) и во согласност со Министерот на трудот на НР Македонија донесувам

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ОТВАРАЊЕ НА НИЖЕ ЗЕМЈОДЕЛСКО УЧИЛИШТЕ ВО ГР. ДЕБАР

1) Се оснива Ниже земјоделско училиште за сточарство и лозарство со седиште во град Дебар.

2) Нижето земјоделско училиште за сточарство и лозарство е установа на Министерство на земјоделието и стои под непосредно раководство на Министерот на земјоделието.

Надзор над училиштето врши Министерството на земјоделието и Министерството на трудот.

3) Училиштето има за задача да подготвува квалификовани стручни работници за работата во сточарската и лозарската струка.

Свршените ученици на училиштето стекнуват квалификации на квалификовани работници од сточарската и лозарската струка.

4) Учењето во училиштето трае две години и на крајот се полага завршен испит.

5) Во училиштето к'е се примат лица кои што свршиле најмалку основно училиште, а не се помлади од 14 ни постари од 30 години.

6) На чело на училиштето стои директорот.

7) Училиштето има посебна претсметка на приходи и расходи која што влегува во состав на претсметката на приходите и расходите на Министерството за земјоделие.

8) Наставниот план и програм го пропишува Министерот за земјоделие во согласност со Министерот на трудот на Н.Р. Македонија, а за делот од наставниот план и програм. што се однесува на општото образование, во согласност со Министерот на просветата.

9) Поблиски прописи за организацијата и работењето на училиштето за почетокот и завршетокот на учењето и условите за прием во истото к'е донесе Министерот на земјоделието во согласност со Министерот на трудот.

10) Ова решение влегува во сила веднаш.

Бр. 1876 8 — II — 1950 година.
Скопје

Министер за земјоделие на
НР Македонија
Б. Кузмановски с.р.
Согласен Министер на трудот на НРМ
Џафер Кодра с.р.

## 39

Врз основа на чл. 22,44,53 и 58 од Законот за уредување на народните судови, а во врска со чл. 1 од Уредбата за одредување бројот и територијалната надлежност на окружните и околиските судови на територијата на Народна Република Македонија („Службен весник на Народна Република Македонија" бр. 19 од 16 септември 1949 год.), Министерот на правосудието на Народна Република Македонија го донесува следното

### РЕШЕНИЕ
### ЗА БРОЈОТ НА СУДИИТЕ ПОРОТНИЦИ ВО НАРОДНИТЕ СУДОВИ

I.

Бројот на судиите и судиите-поротници во поедините судови се одредуваат како што следува:

А. ВО ВРХОВНИОТ СУД НА НРМ
претседател, 1 потпретседател и 5 судии.

Б. ВО ОКРУЖНИТЕ СУДОВИ:

1) Во Битола: претседател, 4 судии и 180 судии-поротници;

2) Во Скопје: претседател, 5 судии и 200 судии-поротници;

3) Во Штип: претседател, 4 судии и 150 судии-поротници;

В. ВО ОКОЛИСКИТЕ СУДОВИ:

а) На подрачјето на окружниот суд во Битола:

1) Во Битола: претседател, 4 судии и 250 судии-поротници;

2) Во Дебар: претседател, 1 судија и 60 судии-поротници;

3) Во Кичево: претседател, 1 судија и 100 судии-поротници;

4) Во Охрид: претседател, 1 судија и 100 судии-поротници;

5) Во Прилеп: претседател, 2 судии и 200 судии-поротници;

6) Во Ресен: претседател и 60 судии-поротници;

7) Во Струга: претседател и 80 судии-поротници;

б) НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОКРУЖНИОТ СУД ВО СКОПЈЕ:

1) Во Гостивар: претседател, 1 судија и 100 судии-поротници;

2) Во Крива—Паланка: претседател, 1 судија и 70 судии-поротници;

3) Во Куманово: претседател, 2 судии и 200 судии-поротници;

4) Во Скопје: претседател, 6 судии и 300 судии-поротници.

5) Во Тетово: претседател, 2 судии и 160 судии-поротници;

6) Во Титов—Велес: претседател, 1 судија и 120 судии-поротници;

в) НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОКРУЖНИОТ СУД ВО ШТИП:

1) Во Берово: претседател, 1 судија и 80 судии-поротници;

2) Во Гевгелија: претседател и 80 судии-поротници;

3) Во Кавадарци: претседател, 1 судија и 100 судии-поротници;

4) Во Кочани: претседател и 80 судии-поротници;

5) Во Кратово: претседател, 1 судија и 60 судии-поротници;

6) Во Радовиш: претседател и 60 судии-поротници;

7) Во Свети—Николе: претседател и 70 судии-поротници;

8) Во Струмица: претседател, 2 судии и 120 судии-поротници;

9) Во Царево—Село: претседател и 60 судии-поротници;

10) Во Штип: претседател и 80 судии-поротници;

II.

За следните судови, на кои подрачјето не се поклопува со подрачјето на односните народни одбори, од вкупниот број судии и судии-поротници одредени по точ. 1 од ова решение поедините народни одбори избираат:

1) ЗА ОКРУЖНИОТ СУД ВО СКОПЈЕ

а) Градскиот народен одбор на град Скопје: претседател, 2 судии и 80 судии-поротници;

б) Обласниот народен одбор на Скопска област: 3 судии и 120 судии-поротници;

2) ЗА ОКОЛИСКИОТ СУД ВО БИТОЛА

а) Градскиот народен одбор на град Битола: претседател, 1 судија и 100 судии-поротници;

б) Околискиот народен одбор на Битолска околија: 2 судии и 110 судии-поротници;

в) Околискиот народен одбор на Демир Хисарска околија: 1 судија и 40 судии-поротници;

3) ЗА ОКОЛИСКИОТ СУД ВО КИЧЕВО:

а) Околискиот народен одбор на Кичевска околија: претседател и 70 судии-поротници;

б) Околискиот народен одбор на Бродска околија: 1 судија и 30 судии-поротници;

4) ЗА ОКОЛИСКИОТ СУД ВО ОХРИД:

а) Градскиот народен одбор на град Охрид: претседател и 40 судии-поротници;

б) Околискиот народен одбор на Охридска околија 1 судија и 60 судии- поротници;

5) ЗА ОКОЛИСКИОТ СУД ВО ПРИЛЕП:

а) Градскиот народен одбор на град Прилеп: претседател и 90 судии-поротници;

б) Околискиот народен одбор на Прилепска околија: 1 судија и 90 судии-поротници;

в) Околискиот народен одбор на Крушевска околија: 1 судија и 20 судии-поротници;

6) ЗА ОКОЛИСКИОТ СУД ВО КУМАНОВО:

а) Градскиот народен одбор на град Куманово: претседател, 1 судија и 100 судии-поротници;

б) Околискиот народен одбор на Кумановска околија: 1 судија и 100 судии-поротници;

7) ЗА ОКОЛИСКИОТ СУД ВО СКОПЈЕ:

а) Народниот одбор на I реон на град Скопје: претседател и 50 судии-поротници;

б) Народниот одбор на II реон на град Скопје: 1 судија и 40 судии-поротници;

в) Народниот одбор на III реон на град Скопје: 1 судија и 30 судии-поротници;

г) Народниот одбор на IV реон на град Скопје: 1 судија и 30 судии-поротници;

д) Околискиот народен одбор на Скопска околија: 2 судии и 110 судии-поротници;

ѓ) Околискиот народен одбор на Ѓорче Петровска околија: 1 судија и 40 судии-поротници

8) ЗА ОКОЛИСКИОТ СУД ВО ТЕТОВО:

а) Градскиот народен одбор на град Тетово претседател, 1 судија и 60 судии-поротници;

б) Околискиот народен одбор на Тетовска околија: 1 судија и 100 судии-поротници;

9) ЗА ОКОЛИСКИОТ СУД ВО ТИТОВ ВЕЛЕС:

а) Градскиот народен одбор на град Титов Велес: претседател и 60 судии-поротници;

б) Околискиот народен одбор на Титоввелешка околија: 1 судија и 60 судии-поротници;

10) ЗА ОКОЛИСКИОТ СУД ВО СТРУМИЦА:

а) Градскиот народен одбор на град Струмица: претседател, 1 судија и 60 судии-поротници;

б) Околискиот народен одбор на Струмичка околија: 1 судија и 60 судии-поротници;

11) ЗА ОКОЛИСКИОТ СУД ВО ШТИП:

а) Градскиот народен одбор на град Штип претседател и 40 судии-поротници;

б) Околискиот народен одбор на Штипска околија: 40 судии-поротници;

III.

Од денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи решението за одредување бројот на судиите и судиите-поротници во народните судови на Народна Република Македонија и одредување бројот на судиите-поротници, кои што ќе ги избираат поедините народни одбори, на кои што територијалната надлежност не се поклопува со територијалната надлежност на околиските народни судови („Службен весник на Народна Република Македонија" бр. 35 од 17 декември 1947 година).

IV.

Ова решение влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на НР Македонија".

Орг. бр. 230, 26 — I — 1950 год.
Скопје

Министер на правосудието на НРМ
Благој Левков, с.р.

**40**

Врз основа на член 13 став 2 од Уредбата за платите на работниците во експлоатација на автобускиот, тролејбускиот и трамвајскиот сообраќај („Службен лист на ФНРЈ" бр. 80/49, а по со-

гласие со Министерот на трудот на НР Македонија донесувам следното:

## РЕШЕНИЕ

за одредување специјален додаток на работниците во експлоатација на автомобилскиот сообраќај, што се навог'аат во служба кај раководителите на републиканските органи на државната власт и управа, како и кај раководителите на општествените односно народните организации, на кои што им е даден на лична односно службена употреба патнички автомобил.

На работниците во експлоатација на автомобилскиот сообрак'ај, што се навог'аат во служба:

1) кај Претседателот на Владата на НР Македонија, Претседателот на Народното собрание на НР Македонија, Претседателот на Президиумот на Народното собрание на НРМ и нимните потпретседатели им се исплатува специјален додаток во износ од 600—800 динара месечно,

2) кај членовите на Владата на НР Македонија, членовите на Президиумот на Народното собрание на НРМ и на ним равни раководители им се исплатува специјален додаток во износ од 500—600 динара месечно и

3) кај раководителите на земските општествени организации односно народните организации им се исплатува специјален додаток во износ од 300—500 динара месечно.

Ова решение стапува на снага веднаш, а плаќањето по него к'е се изврши од 1.XII. 1949 год.

Бр. 12730 од 30. XII. 1949 год.

Министер
за локален саобрак'ај на НРМ
Тоде Ноцпал с.р.

Согласен:
Министер на трудот на НРМ
Џафер Кодра с.р.

## 41

Врз основа на т. 4 ст. 2 од Решението за дополнително снабдување на новородените деца, трудниците и родилките („Службен лист на ФНРЈ" бр. 7/50, во согласност со Министерот на народното здравје, го донесувам следното

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ВИДОВИТЕ И КОЛИЧИНИТЕ НА РЕПУБЛИКАНСКОТО ДОПОЛНИТЕЛНО СНАБДУВАЊЕ НА МАЈКИТЕ ДОИЛКИ СО ПРЕХРАНБЕНИ ПРЕДМЕТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. На мајките доилки, покрај количините на прехранбените предмети по потрошачките карти од сојузното обезбедено снабдување, к'е им се издават долу наведените количини на прехранбени предмети од републиканското дополнително снабдување и това:

1) млеко по 1 литар дневно
2) јајца по 30 парчиња месечно
3) месо по 4,500 кгр. месечно
4) мармалад по 1 кгр. месечно
5) сирење по 1,200 кгр. месечно

2. Од напред наведената количина месо к'е се одбие количината која што мајката доилка ја добива месечно по потрошачката карта од сојузното обезбедено снабдување.

3. Доколку некои од наведените предмети не би могле да и се издадат на мајката доилка, к'е и се издават други предмети во замена. Замената може да се врши само мег'у горе наведените предмети, а према напатствието на ова Министерство.

4. На мајките доилки напред наведените количини прехранбени предмети к'е им се издават само за првите шест месеци по порагањето.

5. Право на ова дополнително снабдување имаат само мајките доилки, кои што инаку се земени на обезбедено снабдување.

5. Мајката доилка, која што живее во домакинство што има земја, може да ги добива сите поедини од напред наведените предмети само во случај, ако домакинството неможе на мајката доилка да и обезбеди прехрана, која што к'е и овозможи нејакнување на млечноста и исхраната на детето, било со директно производство во домакинството, било со набавка на споменатите предмети од продажба на предмети произведени во домакинството (замена).

Одлука за това, која од мајките доилки — која што живее во домакинство што има земја, — к'е добива било сите, било некои од наведените предмети, донесува надлежниот околиски (градски) народен одбор на предлог на месниот народен одбор.

7. Околиските односно градските народни одбори к'е определат продавници во кои мајките доилки к'е се снабдуват со наведените предмети.

8. Ова Решение влегува во сила на 1 март 1950 година.

Број 2547 14 — II — 1950 година
Скопје

Министер
за трговија и снабдување
Хр. Бајалски, с.р.

Согласен Министер за народно здравје
В. Попадик' с.р.

## 42

Врз основа на чл. 53 и ст. 2 од Законот за ловот "Службен весник на НРМ" бр. 10(49) го донесувам следното

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОШТЕТНИОТ ЦЕНОВНИК ЗА УБИЕНА, РАНЕТА ИЛИ ФАТЕНА ДИВИНА

1) Во решението за оштетниот ценовник за убиена, ранета или фатена дивина ("Службен весник на НРМ" бр. 27(49), во ставот I, во точката 13 се дополнува и гласи:

"13) Рис, мечок или мечка — — — 30.000 дин".

2) Ова решение влегува во сила од денот на објавувањето му во "Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 2250
28 јануари 1950 година
Скопје

Министер на шумарството
В. Ѓоргов с.р.

# 43

Министерството на внатрешни работи на Народна Република Македонија, надлежно по чл. 13, буква г) од Законот за удруженијата, соборите и другите јавни скупови; решавајќи по предметот одобрување основањето и работата на "Удружението на ветеринарните лекари и ветеринарните помошници во НР Македонија" со седиште во гр. Скопје донесе следното.

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОСНИВАЊЕТО И РАБОТАТА НА "УДРУЖЕНИЕТО НА ВЕТЕРИНАРНИТЕ ЛЕКАРИ И ВЕТЕРИНАРНИТЕ ПОМОШНИЦИ ВО НРМ" СО СЕДИШТЕ ВО ГР. СКОПЈЕ

Одобрува оснивањето и работата на "Удружението на ветеринарните лекари и ветеринарните помошници во НР Македонија" со седиште во гр. Скопје, а со право на дејност на територијата на Народна Република Македонија".

Такса по Тар. бр. 1 и 7 од Законот за таксите е наплатена.

Решено во Министерството на внатрешните работи на НР Македонија — Скопје на ден 4 октомври 1949 година под IV. бр. 19881/49. II — 2 — 29

# 44

Министерството на внатрешните работи на Народна Република Македонија — Скопје, надлежно по чл. 13 буква г) од Законот за удруженијата, соборите и другите јавни скупови, решавајќи по предметот одобрување оснивањето и работата на "Друштвото на библиотекарите во Народна Република Македонија" со седиште во гр. Скопје, донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОСНИВАЊЕ И РАБОТАТА НА "ДРУШТВОТО НА БИБЛИОТЕКАРИТЕ НА НРМ" СО СЕДИШТЕ ВО ГР. СКОПЈЕ

Одобрува оснивањето и работата на "Друштвото на библиотекарите на Народна Република Македонија" со седиште во гр. Скопје, а со право на дејност на територијата на Народна Република Македонија.

Решено во Министерството на внатрешните работи на Народна Република Македонија — Скопје на ден 17 декември 1949 година под IV. бр. 24091/49.

II—2—25

# 45

Поверенсвото за внатрешни работи на Градски народен одбор Скопје, како надлежно за решавање по пријарата на Културно уметничкото друштво "Цретан Димов", на основание чл. 1 буква б од Законот за измени и дополнувања на Законот за удруженијата, соборите и другите јавни скупови, констатирајќи дека се условите предвидени во член 14, 15, и 16 од Законот главно за удруженијата, соборите и другите јавни скупови исполнети, го донесува следното:

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОСНИВАЊЕ И РАБОТАТА НА КУЛТУРНО УМЕТНИЧКОТО ДРУШТВО "ЦВЕТАН ДИМОВ" СО СЕДИШТЕ ВО ГРАД СКОПЈЕ

Се одобрува работата и постоењето на Културното-уметничко друштво "Цветан Димов" со седиште во град Скопје и со право на дејност на подрачјето на град Скопје.

Оригиналот од решението да се достави на Иванка Алиева Трајкова, настанета на ул. 43 бр. 81 во Скопје како на прв потписник од пријавата. Истото решение да биде еднократно објавено во "Службен весник на НР Македонија" за сметка на самото друштво.

Преписот од решението ќе се достави и на Министерството на внатрешни работи на НР Македонија за сведение

Такса по тарифни број од 1—7 од Законот за такси е е наплатена и поништена од оригиналот од решението.

Решено во Повереништвото на внатрешни работи на Градскиот народен одбор—Скопје под. бр. 7-13912/49 год. II—1—20

# 46

Повереништвото за внатрешни работи на Извршниот одбор на Народниот одбор на град Охрид, надлежен по член 1 став 1 буква а од Законот за измените и дополненијата на Законот за удруженијата, соборите и другите јавни скупови решавајќи по предметот одобрување оснивањето и работата на Синдикалното спортско друштво "Охрид" во град Охрид а по исполнение на условите предвидени во чл. 14, 15 и 16 од Законот за удруженијата, соборите и другите јавни скупови го донесува следното:

## РЕШЕНИЕ

### за одобрување работата и постоењето на Синдикалното спортско друштво "Охрид" со седиште во град Охрид

Се одобрува работата и постоењето на Синдикалното спортско друштво "Охрид" со седиште во град Охрид и со право на дејност на подрачјето на град Охрид.

Решено во Повереништвото за внатрешни работи на Градскиот извршен народен одбор на град Охрид Бр. 5246/49 год. II—32—604

---

Министерството за просвета на НРМ, по извршеното сравнување со изворниот текст, установи дека во Правилникот за приватните, класните, поправителните и дополнителните испити во гимназиите и во вишите одделенија на седмолетките ("Службен весник на НРМ" бр. 16)49 се направените долу споменатите печатни грешки, та ја дава следната

## ИСПРАВКА

### НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРИВАТНИТЕ, КЛАСНИТЕ, ПОПРАВИТЕЛНИТЕ И ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ ИСПИТИ ВО ГИМНАЗИИТЕ И ВО ВИШИТЕ ОДДЕЛЕНИЈА НА СЕДМОЛЕТКИТЕ

1. Во чл. 14 став последен отпечатено е: "Приватните ученици се оценуваат по поведение", а треба да стои "Приватните ученици не се оценуваат по поведение".
2. Во член 18 став IV последен ред стои "испит во една учебна година", а треба да стои "испит во текот на учебната година".
3. Во член 18 на крајот во последниот ред испуштена е и треба да се додаде после зборот "училиштето" следната реченица: "а клаузулата ја потпишува директорот односно раководителот на училиштето".
4. Во чл. 19 ред втори е отпечатено "приватните испити содржани во чл. 6,7,8,10,11,12 и 13", а треба да стои "приватните испити содржани во чл. 7,8,9,11, 12,13 и 14"
5. Во член 19 ред трети е отпечатено чл. 9, а треба да стои "чл. 10".

Бр. 2098
28-II-1950 год
Скопје

Од Министерството за просвета на НРМ Бр. 2098

Претседателството на Президиумот на Народното собрание на НРМ по извршеното сравнување со изворниот текст, установило дека во текстот на Законот за шумите обіавен во "Службен весник на НРМ" бр. 23 од 9-XI-1949 година не се сложува со изворникот и дава следна

## ИСПРАВКА

### НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ

Во член 14 втори ред место зборот "пасишта" треба да се стави "патишта".

Во член 39 трети ред место "на крајноста" треба да се стави "на трајност".

Во член 50 став 1 ред први место зборовите "и со парична казна" да се стави "или со парична казна".

Од Претседателството на Президиумот на Народното собрание на НРМ бр. 324 од 24 февруари 1950 година.

## СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| 20 | Одлука на потврдување уредбите на Владата на Народна Република Македонија донесени од 26 октомври 1949 год. до 30 јануари 1950 година | 13 |
| 21 | Указ за изменување на Указот за оснивање Министерство на наука и култура на Народна Република Македонија | 13 |
| 22 | Указ за промена на називот на Министерството за локален сообраќај | 13 |
| 23 | Указ за оснивање министерства на Владата на Народна Република Македонија | 14 |
| 24 | Указ за разрешување од должност Претседателот на Планската комисија на Народна Република Македонија | 14 |
| 25 | Указ за поставување министри на Владата на Народна Република Македонија | 14 |
| 26 | Указ за изменување и дополнување на Законот за административно територијалната поделба на Народна Република Македонија | 14 |
| 27 | Указ за изменување и дополнување на Законот за поделба на територијата на Народна Република Македонија на области | 15 |
| 28 | Уредба за димничарската служба | 15 |
| 29 | Уредба за организација и надлежноста на Комисијата на Државната контрола на Народна Република Македонија | 17 |
| 30 | Уредба за организација и надлежноста на Бирото за поплаки и предлози на Комисијата на државната контрола на Народна Република Македонија | 19 |
| 31 | Правилник за одредувањето на земјиштата во кои што не смее да се пушта добиток на паша | 19 |
| 32 | Правилник за учителски дипломски испит | 20 |
| 33 | Кандидатска листа на Народниот фронт на Македонија за избори на пратеници за Већето на народите на Народната скупштина на ФНРЈ на Народна Република Македонија | 24 |
| 34 | Напатствие за вршење работите од службата за граѓански состојби | 25 |
| 35 | Решение за оснивање Административно школо во Скопје | 26 |
| 37 | Решение за оснивање Средно фискултурно школо во град Скопје | 27 |
| 38 | Решение за отварање на Ниже земјоделско училиште во град Дебар | 28 |
| 39 | Решение за бројот судиите поротници во народните судови | 28 |
| 40 | Решение за одредување специјален додаток на работниците во експлоатација на аутомобилскиот сообраќај што се навоѓаат во служба кај раководителите на републиканските органи на државната власт и управа, како и кај раководителите на општествените односно народните организации, на кои што им е даден на лична односно службена употреба патнички автомобил | 30 |
| 41 | Решение за видовите и количините на републиканското дополнително снабдување на мајките доилки со прехранбени предмети на подрачјето на Народна Република Македонија | 30 |
| 42 | Решение за дополнување на Решението за општетниот ценовник за убиена ранета или фатена дивина | 30 |
| 43 | Решение за оснивање и работата на "Удружението на ветеринарните лекари и ветеринарните помошници на Народна Република Македонија" со седиште во град Скопје | 31 |
| 44 | Решение за оснивање и работата на "Друштвото на библиотекарите на Народна Република Македонија" со седиште во град Скопје | 31 |
| 45 | Решение за оснивање и работата на Културно уметничкото друштво "Цветан Димов" со седиште во град Скопје | 31 |
| 46 | Решение за одобрување работата и постоењето на Синдикалното спортско друштво "Охрид" со седиште во град Охрид | 31 |
| | Исправка на Законот за шумите | 31 |
| | Исправка на Правилникот за приватните, класните поправителните и дополнителните испити во гимназиите и во вишите одделенија на седмолетките | 31 |


Издава: "Службен весник на Народна Република Македонија" Новинско издавачко претпријатие — Скопје, ул. Маршал Тито" бр. 10 Пошт. фах 51 — Тел. 1986 — Одговорен уредник Петар Јаневски ул. 338 бр. 6